**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1926/**

# З А П И С Н И К

**Од 179.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 18.03.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска, Косана Мазнева Николиќ и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација и Иле Тримчески-Одделение за човечки ресурси во МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата состојба со Ковид кризата во државата, 179.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***
Седницата започна во 13:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи да работи по следниов Дневен ред.

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 178.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и одлучување по Жалба со бр.04-1045/4 од 11.03.2022 година.

3. Разгледување и одлучување по Приговор со бр.04-956/6 од 16.03.2022 година.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 178.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 178.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 178.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 178.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно усвоен.

ТОЧКА 2:**Разгледување и одлучување по Жалба со бр.04-1045/4 од 11.03.2022 година.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац даде вовед во оваа точка и ги стави на разгледување материјалите по Жалбата бр.04-1045/4 од 11.03.2022 година на вработениот Љупчо Мирковски.
Иле Тримчески од Одделението за човечки ресурси објасни законски како е поднесено Решението за дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност, дека се запазени сите законски рокови и што предвидува решението.
Од страна на членовите на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите по жалбата со бр.04-1045/4 од 11.03.2022 година и по расправата се одлучи:

■По расправата **Жалбата со бр.04-1045/4 од 11.03.2022** година на вработениот Љупчо Мирковски беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **0** членови,
- ПРОТИВ гласаа: **12** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ едногласно **ја отфрли** Жалбата со бр.04-1045/4 од 11.03.2022 година на вработениот Љупчо Мирковски како неоснована.

ТОЧКА 3: **Разгледување и одлучување по Приговор со бр.04-956/6 од 16.03.2022 година.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац даде вовед во оваа точка и ги стави на разгледување материјалите по Приговорот бр.04-956/6 од 16.03.2022 година на вработениот Африм Азири.
Иле Тримчески од Одделението за човечки ресурси објасни законски како е поднесено Решението за дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност, дека се запазени сите законски рокови и што предвидува решението.
Од страна на членовите на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите по приговорот со бр.04-956/6 од 16.03.2022 година и по расправата се одлучи:

■По расправата **Приговорот со бр.04-956/6 од 16.03.2022** година на вработениот Африм Азири беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **2** членови,
- ПРОТИВ гласаа: **10** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **го отфрли** Приговорот со бр.04-956/6 од 16.03.2022 година на вработениот Африм Азири како неоснован.

**ТОЧКА 4:Разно.**

По однос на оваа точка Заменик претседателот на Програмскиот совет побара од Одговорните уредници на Првиот и Вториот програмски сервис на МТВ да доставаат извештај колку прилози изготвиле Дописниците на МТВ за последните 3 (три) месеци.

Гајур Рамадани со забелешка дека се повеќе на програмите на МТВ се појавуваат скриени реклами, и дека треба да им се укаже на одговорните уредници да посветат поголемо внимание и заедно со новинарите да не дозволуваат такви пропусти.

Седницата заврши во 14:20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател